MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2767/6
год.
07-11-2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од група на граѓани, на 23-та седница одржана на ден 01 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот оформен по пријава за сомнежи за корупција бр. 12-2767/1 од 21.05.2019 година од група на граѓани, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-2767 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2767/1 од 21.05.2019година.

Предметот со број 12-2767 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2767 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12 - 2767/1 од 21.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител – група на граѓани.

Во пријавата, наведени се наводи за незаконитости во работењето и стопанисувањето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката, Скопје - Подружница Прилеп, посебно по однос на располагањето со станови изградени од државата и етичко однесување на вработените.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, Државната комисија достави барање до АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката, да го ангажира Одделението за внатрешна ревизија или внатрешен ревизор од друга институција, кој ќе го ревидира во целост работењето на предметната подружница за периодот 2016-2019 година вклучително и наводите од пријавителот.

На ден 24.10.2019 година, до Државната комисија доставен е ревизорски извештај за извршена внатрешна ревизија во кој се детектирани одредени слабости во работењето на подружницата. Истовремено до раководството на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за републиката и надлежните служби во ПО Прилеп дадени се препораки за преземање на мерки и активности за надминување на констатираните неправилности. По препораките на ревизирот, формирана е дисциплинска комисија од страна на генералниот директор на Друштвото со цел водење постапки и предлагање соодветни мерки и активности против вработена од ПО Прилеп, а во врска со наводите во поднесената пријава.

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на погоре констатираното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека постигната е целта од нејзиното надлежното постапување во конкретниот случај по што оцени дека Државната комисија нема елементи за натамошно постапување по овој предмет.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 01 ноември 2019 година под бр. 12- 2767/6**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk